РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12 - 1645/5
31.07.2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 8–та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1645/1 од 22.05.2024 година, оформен врз основа на пријава од непознат подносител против службените лица --------- Градоначалник на Општина ----------- (понатаму: Градоначалник) и ----------- В.Д Директор на Општинското основно училиште "-------" с. -----, ----------- (понатаму: В.Д Директор), **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите изнесени во пријавата со број 12-1645/1 од 22.05.2024 година, за повреда на законските одредби во изборен процес, **СЕ ПОТВРДУВААТ.**

За констатираното прекршување на законските одредби, ДКСК ќе постапи во рамките на своите законски надлежности и согласно Законот за спречување на корупцијата со донесувањето на оваа одлука од нејзина надлежност ќе иницира постапка до надлежен орган.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 22.05.2024 година, поднесена е пријава за службените лица ------- Градоначалник на Општина -------- и -------- В.Д Директор на Општинското основно училиште "-------" с. ------, -------- и оформен е предмет број 12-1645/1 од 22.05.2024 година.

Наводите во пријавата укажуваат дека во Основното училиште "-------" – -----, од страна на Градоначалникот во изминатите две години се назначувале вршители на должност директор кои немале положено директорски испит, иако имало вработени

кои го имале завршено истиот. Исто така, како што е наведено во пријавата, актуелниот В.Д Директор со одобрување од страна на Градоначалникот, директорскиот испит го исплаќал од буџетот на училиштето.

Со цел проверка на наводите на подносителот на пријавата, ДКСК достави барање за доставување информации до Државниот просветен инспекторат.
Државниот просветен инспекторат, достави Известување бр. 09---/2 од 10.07.2024 година.
Од увид и анализа на доставената документација, ДКСК ги утврди следните состојби:
Видно од содржината на горенаведениот допис во училиштето бил извршен вонреден инспекциски надзор на ден 09.07.2024 година од страна на државниот просветен инспектор од -----. Истиот во текот на вршење на надзорот утврдил дека по престанувањето на мандатот на директорот --------- назначен на ден 01.12.2017 година со Решение бр. 09----/12 од 12.05.2022 година, Градоначалникот со Решение бр. 09----/4 од 13.05.2022 година за В.Д Директор го назначил наставникот ------. ----- немал положено испит за директор при што инспекторатот утврдил дека постапил спротивно на член 118 став 1 од Законот за основното образование.
По настапување на смрт на В.Д Директорот -----, градоначалникот назначил нов В.Д Директор ------- со Решение бр. 09----/1 од 26.09.2023 година. И овој кандидат исто така немал положено испит за директор што било спротивно на член 118 став 1 од Законот за основното образование.
Градоначалникот исто така направил повреда и на член 118 став 2 и став 4 од Законот за основното образование со недонесувањето на одлука во рок од пет дена по назначувањето на В.Д Директор, како Училишниот одбор би можел да објави оглас за избор на директор.
Инспекторот утврдил дека во училиштето имало само еден, а не тројца наставници кои имале положено испит за директор, а тоа бил--------, а истото било констатирано при извршен увид во списокот на директори со важечко уверение за директор од страна на Државниот испитен центар под реден бр. ---- од 15.08.2018 година.
В.Д Директорот ---------, се запишал за полагање на директорски испит со средства на училиштето, што било констатирано со увид во Налог бр. FT----------, списокот на отворени финансии на училиштето "----------" од ----- од 21.12.2023 година, со сметка на давател ---------, конто на давател 425720-N1 во износ од 18500,00 денари, што било спротивно на член 10 од Законот за обука и испит за директор, каде што трошоците треба да се на товар на кандидатот.
На денот на надзорот во училиштето течел огласот за директор со краен рок 09.07.2024 година. Инспекторот наведува дека огласот бил објавен со задоцнување поради изборниот процес за претседател и пратеници во нашата држава.

Наведено е дека и во двата случаи при именувањето на В.Д Директор на училиштето, Градоначалникот направил повреда на член 118 став 1, 2 и 4 од Законот за основното образование.

Според член 118 став 1 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019 и 229/2020), *градоначалникот, односно министерот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор.*
Според став 2 од истиот член, *градоначалникот, односно министерот во рок од пет дена од денот на именување на вршител на должноста на директор донесува одлука училишниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор.*
Според став 4 од истиот член, *вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување.*

Од доставената документација од страна на Државниот просветен инспекторат и Историјатот на промени на основното училиште издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија, може да се утврди дека Градоначалникот, континуирано, во период од повеќе години именувал вршители на должност директор на училиштето. Истото е спротивно на член 118 став 2 и став 4 од Законот за основно образование, што значело дека Градоначалникот после назначувањето на вршители на должност директор, не донесувал одлуки за објавување на оглас за избор на директор, како Училишниот одбор би можел да спроведе постапка за избор на директор на училиштето.
Дополнително, Градоначалникот спротивно на член 118 став 1 од Законот за основно образование, именувал вршители на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој не ги исполнувале условите за директор, а меѓу кои е и актуелниот В.Д Директор.
За констатираното прекршување на законските одредби, ДКСК ќе постапи во рамките на своите законски надлежности и ќе иницира постапка до надлежен орган.

Според член 10 став 3 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015, 30/2016, 120/2018 и 140/2018), *трошоците за полагање на тестовите од став 1 на овој член паѓаат на товар на кандидатот.*

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во однос на В.Д Директорот, може да се утврди дека исиот се запишал за директорски испит со средства на училиштето, што е спротивно на член 10 став (3) од од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

ДКСК и за ова констатирано прекршување на законските одредби, ќе постапи во рамките на своите законски надлежности и ќе иницира постапка до надлежен орган.

Од сето горе наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор

**Претседател**

**Татјана Димитровска**